**Образец 1**

Центар за Планински Развој - Скопје

Центар за образование наука и истражување ПЛАНИНСКА  АКАДЕМИЈА – Маврово

Назив на установата / институцијата за образование на возрасните

## Програма за образование на возрасните

# Интернационален Водич во Планина

Назив на програмата за образование на возрасните

22.01.2024 година

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОСЕБНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Назив на програмата за образование на возрасните** | Интернационален Водич во Планина |
| **2** | **Сектор** | **Спорт и рекреација** |
| **3** | **Поврзани стандард(и) на занимања** | Планинарски водич |
| **4** | **Код на национално занимање*** | |
| **5** | **Ниво на квалификација според НРК*** | VB ниво |
| **6** | **Број на кредити** | 27 кредити |
| **7** | **Вкупен број на часови на учење** (теорија и пракса) | 808 часови |
| **8** | **Критериуми за упис на учесникот во програмата** | - Да бидат на возраст од најмалку 18 години,<br>- Да имаат завршено најмалку средно образование,<br>- Да се здравствено и пфихофизички способни за следење и учество во програмата – потврда од спортска медицина,<br>- Да не е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност со правосилна пресуда,<br>- Да потпишат изјава за доброволно учество во процесот на тренинг.<br><br>Поседување на предзнаења за кои учесниците се тестираат со:<br>1. Селективен теоретски тест за професионален водич во планина – потребни бодови за влез, најмалку 60% од можни бодови,<br>2. Селективен практичен тест и тест за навигација, |
| **9** | **Вид на јавна исправа која ја стекнува учесникот** | Сертификат |

* Овие полиња треба да се пополнат доколку е можно, а задолжително ќе се пополнуваат откако ќе се воспостави кодниот систем на националните занимања.

## II. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УСТАНОВАТА / ИНСТИТУЦИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Назив на установата / институцијата за образование на возрасните** | Центар за Планински Развој – Скопје<br><br>Центар за образование, наука и истражување ПЛАНИНСКА АКАДЕМИЈА Маврово |
| **2** | **Име и презиме на Менаџерот на установата / институцијата за образование на возрасните** | Костантин Циривири |
| **3** | **Податоци за контакт** | |
| | Адреса: | Населено место без уличен систем бб Маврови Анови, Маврово Ростуша |
| | Телефонски број: | 078 277 585 |
| | Е-маил: | cprskopje@yahoo.com |
| **4** | **Име и презиме на програмскиот координатор** | Костантин Циривири |
| **5** | **Податоци за контакт** | |
| | Назив на програма: | Интернационален Водич во Планина |
| | Телефонски број: | 078 277 585 |
| | Е-маил: | kciriviri@gmail.com |

## III. ОПИС, МОДУЛИ, МОДУЛАРНИ ЕДИНИЦИ, РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕТО, РЕСУРСИ ЗА ПРОГРАМАТА

| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Опис на програмата** | Интернационален Водич во Планина, комерцијално води туристи на планина согласно одредбите од стандардот за обука и вршење на професија подготвен од Унијата на Асоциации на Интернационални Планински Лидери UIMLA. Интернационален Водич во Планина е способен да ја дефинира улогата и значењето на професионалното водење во планина во туристичките програми, ги анализира најновите трендови во планинскиот туризам, изработува туристички програми и ги реализира во соработка со туристичка агенција, применува техники на водење согласно стандардот и ги адаптира според потребите на пазарот, го анализира теренот, опкружувањето, временските услови, објаснува и опишува за биодиверзитетот и историско културното наследство. Интернационален Водич во Планина е способен да менаџира со група, поседува развиени не технички меки вештини, комуникациски вештини, способен е да управува со стрес во редовни и вонредни ситуации со група туристи на планина, изработува стандардни оперативни процедури при подготовка на комерцијални тури со клиенти. Планира, подготвува и реализира тура на планина со туристи во летни месеци и за таа цел способен е да применува техники за движење, да се ориентира, да определи правец, растојание, висинска разлика и време потребно за движење во добри временски услови но и во услови со намалена видливост, користи ГПС уред, компас, мапа, способен е да организира и постави бивак камп. Правилно избира и користи лична опрема и колективна опрема според временските прилики, подготвува сет за прва помош и зависно од теренот, должината на движење, комплексноста на активноста сетот го дополнува со средства за имобилизација, по потреба пружа медицинска помош, организира и обезбедува помош од спасителна екипа. Интернационален Водич во Планина добро ја познава планинската инфраструктура, разликува и дефинира планинарски патеки за спортски цели и патеки за туристички комерцијални цели, анализира и соодветно на програмата и активностите избира објекти за сместување. Способен е да поставува и да уредува патеки на планина со вертикална и хоризонталана сигнализација за туристички цели. Интернационален Водич во Планина ја познава физиологијата на спортскиот напор, замор, закрепнување, прилагодување на исхрана и е способен да го моделира личниот тренинг за движење во планина за успешна реализација на туристичките програми со клиенти. Интернационален Водич во Планина ги познава атмосферските услови на планина во зимските месеци, ги одредува карактеристиките на снегот и снежната покривка, врши тестови за лавинска процена, користи опрема за лавини |

| | | |
|---|---|---|
| | | – лавински пребарувачи, сонда, лопата, ранец, дефинира безбедна линија на движење, користи опрема за движење во снег, применува прва помош во зимски услови, врши идентификација и процена на ризици, подготвува план за делување во вонредна ситуација, подготвува известување за инциденти, дефинира линии на комуникација, спроведува административни, технички и не технички процедури за работа на професионалниот водич во планина.<br><br>Наставните цели се конкретизирани и содржински сегментирани во два модула:<br><br>**1. Вештини за водење клиенти на планина и управување со ризици во летни услови**<br><br>**2. Вештини за водење клиенти на планина и управување со ризици во зимски услови**<br><br>со по шест модуларни единици кои се презентираат и обработуваат во времетраење од една година со предвидени дваесет и седум кредити. При обработка на секоја модуларна единица се врши проверка на дидактичката вредност на темите и материјалите за спроведување на наставните содржини со фокус на стекнување предметна компетенција, самокомпетенција и социјална компетенција и се применува писмен тест и практичен тест. Обуката завршува со стажирање – практична работа со клиенти под менторство на инструктор. После стекнување на сетот на компетенции, кандидатите се стекнуваат со квалификација**- Интернационален Водич во Планина** за која центарот за образование, наука и истражување Планинска Академија издава сертификат.<br><br>Програмата е релеватна за пазарот на трудот - овозможува стекнување на сертификат кој е меѓународно признат и валоризиран и на учесниците им овозможува конкуретска предност при вработување кај етаблирани работодавачи или при развивање на сопствен бизнис.<br><br>Програмата се карактеризира со хоризонтала и вертикалната проодност која се манифестира со тоа што стекнатата квалификација овозможува да се развива на исто ниво но и да се надградува кон повисоко ниво – алпинистички водич во планина. |
| **2** | **Максимален број на учесници по група** | **10** |

| 3. | План на програмата | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Модули | Број на часови теоретска настава | Број на часови практична настава |
| 1 | **Модул 1 Вештини за водење клиенти на планина и управување со ризици во летни услови**<br><br>**Модуларни единици:**<br><br>1.1 Професијата Интернационален Водич во Планина<br><br>1.2 Туризмологија – Планински туризам<br><br>1.3 Планинска географија и животна средина<br><br>1.4 Психолошки и социјални аспекти на планински туризам<br><br>1.5 Движење и престој на планина во летни услови<br><br>1.6 Опрема за движење и престој на планина во летни услови | 62 | 250 |
| 2 | **Модул 2 Вештини за водење на клиенти на планина и управување со ризици во зимски услови**<br><br>**Модуларни единици:**<br><br>2.1 Планинска метеорологија<br><br>2.2 Планинска инфрастуктура<br><br>2.3 Физиологија на активностите на планина<br><br>2.4 Движење и престој на планина во зимски услови<br><br>2.5 Безбедност на планина<br><br>2.6 Прва помош и спасување на планина | 96 | 400 |
| **Вкупно часови** | | 158 | 650 |

| | |
|---|---|
| **Вкупно (вкупно часови теоретска и практична настава)** | 808 |

| **4.** | **План за учење (Модули / Модуларни единици / резултати од учењето / Критериуми за оценување)** | | |
|---|---|---|---|
| **Модул 1: Вештини за водење клиенти и управување со ризици во летни услови** | | **Часови со теоретска настава** | **62** |
| | | **Часови со практична настава** | **250** |
| **Модуларна единица** | **Резултати од учењето** | **Критериуми за оценување** | |
| 1.1 *Професија Интернационален Водич во Планина* | *Ја дефинира, ја познава и ја разбира*<br>Дејноста водич во планина во туристичката индустрија,<br>Ја презентира историјата на водење клиенти,<br>Ја познава и ја разбира организицијата и практикувањето на дејноста во развиените земји. | Објаснува, дефинира, дискутира, истражува за значењето и важноста на професијата Интенационален Водич во Планина. | |
| | | Дискутира, адаптира, применува во пракса современи техники на водење на клиенти и организациски техники. | |
| | | | |
| | *Дефинира и спроведува во пракса:*<br>Основни туристички поими и значењето на туристичката индустрија,<br>Планински туристички производ и туризам базиран на културно наследство и историја,<br>Ја разбира улогата и обврските на Интернационален Водич во Планина при креирање на туристички производ,<br>Применува техники за работа со клиенти во планински туризам. | Познава, именува, поврзува, презентира, демонстрира основни туристички поими и поими од планински туризам. | |
| | | Категоризира, истражува, поврзува, ревидира, продуцира туристички производ базиран на културно наследство и историја. | |
| | | Истражува, оценува, заклучува, просудува, дава мислење, | |

| | | |
|---|---|---|
| | | вреднува и применува техники за водење на клиенти. |
| 1.2 *Туризмологија – Планински туризам*<br><br>*1.3 Планинска географија и животна средина* | *Објаснува, анализира и применува стекнато знаење за:*<br>Планинска географија на Република Македонија,<br>Геологија и формирање на релјефот,<br>Планински масиви во светот,<br>Биодиверзитет – важноста и улогата во креирањето на планинските туристички производи,<br>Дефинира екосистемски услуги, еколошка одржливост на туризмот,<br>Го познава и презентира биодиверзитетот во Република Македонија. | Именува, поврзува, демонстрира, модифицира, препознава во пракса релјефни форми и карактеристики на планинскиот терен со карактеристичен биодиверзитет при креирање и опис на туристички производ за клиенти. |
| | | Разбира, именува, толкува, презентира екосистемски услуги и одржливост на планински туризам. |
| *1.4 Психолошки и социјални аспекти на планински туризам* | *Објаснува, дефинира и спроведува во пракса:*<br>Структура, динамика и развој на личност,<br>Ги разбира основни мотиватори за учество во авантуристички активности,<br>Применува Не – технички, меки вештини, ја разбира суштитата на емоционална интелегенција, применува вештини за | Разбира, именува, објаснува,применува техники за анализа на компоненти на личност, динамика и развој на личност. |
| | | Именува и применува во пракса нетехнички меки вештини, вештини за квалитени услуги, |

| | | |
|---|---|---|
| | квалитетни услуги во авантуристички туризам,<br>Ја разбира структурата на психологија на група и лидерство,<br>Применува социјални вештини во подготовката на тури и водење на клиенти на планина,<br>Ја разбира и ја надградува социјалната интеракција Водич – Клиент<br>Водич – Водич, Водич – Агенција,<br>Применува техники за стрес и менаџирање со стресот,<br>Применува техники за менаџирање со група во редовни и вонредни ситуации. | менаџирање со група во редовни и вонредни ситуации. |
| | | Именува, разбира, анализира, применува техники за менаџирање со стрес во личниот развоен процес и во процесот на работа со клиенти. |
| *1.5 Движење и престој на планина во летни услови* | *Дефинира и применува во пракса:*<br>Планира и организира тура на планина во летни услови,<br>Применува техники за движење во планина во летни услови,<br>Применува техники за движење по опасен терен во летни услови<br>Разбира Навигација и Ориентација, нивната суштина и значење, применува на терен,<br>Работи со топографски мапи и компас<br>Дефинира избор на патека на движење, пресметува растојание на определена патека, висинска разлика од почетна до крајна точка на патеката и потребно време на движење, одредува стојна точка, | Именува, анализира, креира, категоризира, организира комплексни активности за кои превзема целосна одговорност за квалитетот и безбедноста на турата на планина. |
| | | Применува техники и опрема за движење во летни услови, применува алатки за навигација и ориентација, поставува линија на движење на патека на мапа, пресметува растојание на патека која претходно ја дефинирал на мапа, пресметува денивелација, пресметува време на движење. |
| | | Применува алпинистички техники, организира и |

| | | |
|---|---|---|
| | Ја разбира, објаснува Микро навигација, ноќна навигација, навигација во услови на намалена видливост и применува на терен,<br>Работи со ГПС уред,<br>Применува алпинистички техники,<br>Применува техники за водење на група во летни услови,<br>Организира и реализира камп во летни услови,<br>Подготвува бивак во летни услови. | подигнува камп или по потреба бивак во летни услови, се ориентира при намалена видливост. |
| *1.6 Опрема за движење и престој на планина во летни услови* | *Дефинира и спроведува во пракса:*<br>Ги познава и ги следи современи трендови во индустријата за производство на опрема за планинарење,<br>Ги разбира принципите за правилно облекување на планина и правилно користење на опрема зависно од условите на терен,<br>Подготвува листа на лична опрема за време на тура со клиенти и за време на подготовки во летни услови,<br>Пофготвува листа на колективна опрема за време на тура мна планина,<br>Ги познава карактеристиките на опремата за бивак и кампување на планина и поставува бивак или камп зависно од потребите и условите на терен | Именува, анализира, дефинира, истражува, категоризира, користи опрема за планинарење во летни услови за време на планинарски тури, за време на кампување или бивакување на планина. |

| | | |
|---|---|---|
| **Модул 2: Вештини за водење клиенти и управување со ризици во зимски услови** | **Часови со теоретска настава** | **96** |
| | **Часови со практична настава** | **400** |

| Модуларна единица | **Резултати од учењето** | **Критериуми за оценување** |
|---|---|---|
| *2.1 Планинска метеорологија* | *Дефинира и да спроведе во пракса:*<br>Физичките процеси и појави кои се одвиваат во атмосферата,<br>Ги познава карактеристики на тропосфера,<br>Препознава температурна инверзија, атмосферски притисок, чита метео карти, циклонска и антициклонска активност, промената на воздушните струи и анализа на температурата и височината како параметри кога одредува поволни или неповолни услови за движење на планина,<br>Препознава и разликува видови на облаци, атмосферски фронтови,<br>Прави процена на атмосферските услови при планирање на тура на планина. | Ги именува, поврзува, дефинира, разликува, ги истражува процесите во атмосферата, ги става во корелација со планираните активности и врз основа на читање на параметрите за временска прогноза донесува одлука за движење или за прекин на движење на планина со превземање на целосна одговорност за донесената одлука. |
| | | |
| | | |
| *2.2 Планинска инфрастуктура* | Дефинира патеки на планина, ја одредува нивната намена за спортски, рекреативни и комерцијални туристички цели,<br>поставува, уредува, маркира со хоризонтална и вертикална сигнализација на патеки на планина за туристички цели,<br>Ги категоризира објектите за сместување на планина, ги дефинира каратеристиките, стандардите и потребни услови за сместување во летни и зимски услови зависно активностите кои се спроведуваат на патеките на планина. | Именува, дискутира, подготвува, категоризира планинарски патеки со различна намена, применува активности за соодветно поставување на вертикална и хоризонтална маркација на патеките за планински туризам. |
| | | Класифицира, споредува карактерестики и стандарди за сместување на планина наспроти смесување во урбани средини. |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| *2.3 Физиологија на активностите на планина* | Ги објаснува функционални системи на човековиот организам,<br>Ја разбира физиологијата на спортски напор, замор, адаптација, закрепнување во процесите на тренинг и практикување на движење во планина во летни и зимски услови,<br>Ја познава и ја планира исхраната во планина – за време на личниот тренинг и соодветно ја планира храната за време на тура со клиенти,<br>Го објаснува тренингот во планинарските спортови, целите и поделба на тренингот,<br>Ја разбира адаптација на организмот на тренингот и развивање на способностите,<br>Го планинра и моделира тренингот според личните потребите и барањата на клиентите,<br>Ги разликува фазите во подготвителните активности на тренингот. | Именува, дискутира, објаснува за функционалните системи на човекот во функција на планирање на сопствениот спортски тренинг и движењето активноста на клиентите на планина, ја планира исхраната врз основа интензитетот и должината на активноста на планина. |
| | | Го организира и планира сопствениот тренажен процес, применува активности кои водат кон подобра физичка подготвеност на водичот во планина за планираните тури со клиенти во летни или во зимски услови. |
| *2.4 Движење и престој на планина во зимски услови* | Ја познава климата и атмосферски услови во зима,<br>Ги познава карактеристики на снегот и снежната покривка,<br>Лавинологија – опасности и превенција, видови на лавини,<br>Применува тестови за процена на лавинска опасност,<br>Користи лавински пребарувачи,<br>Применува опрема за движење и заштита на планина во зимски услови, | Именува, дискутира, објаснува, разликува атмосферски влијанија во зимски услови. |
| | | Именува, дискутура и разликува видови на снег и нивното значење при планирање на тура на планина во зимски услови од аспект на користење на соодветна опрема и особено од аспект на безбеден престој и движење со клиенти. |

| | | |
|---|---|---|
| | Планира и подготвува лична и колективна опрема за движење на планина во зимски услови,<br>Планира и реализира  тура во зимски услови со клиенти,<br>Применува  прва помош во зимски услови. | Применува,  користи опрема и техники за анализа на снег и заштита од лавини,  применува прва помош во зимски услови. |
| *2.5 Безбедност на планина* | Го разбира и презентира ризикот во планинскиот туризам,<br>Дефинира начини за управување со ризици,<br>Ги категориза ризиците,<br>Реализира подготовка за управување со безбедноста и ризиците,<br>Прави процена и идентификација на ризиците,<br>Изработува  план за управување со безбедноста и ризиците за конкретна тура со клиенти,<br>Спроведува анализа на туристичка програма, анализа на клиенти, анализа на водич, анализа на локација и атмосферски услови за конкретна тура,<br>Подготвува стандардни оперативни процедури за управување со ризици во планински туризам,<br>Изработува план за делување во вонредни ситуации,<br>Разликува видови на вонредни ситуации, фази во критична ситуација,<br>Применува техники за управување со критични  и екстремни ситуации,<br>Го разбира процесот на известување за инциденти и линии на комуникација, | Ги именува, дефинира, класифицира ризиците во планински туризам,  подготвува стандардни оперативни процедури за планираните активности и конкретна тура со клиенти.<br><br>Ги идентификува, ги проценува, ги оценува и поставува мерки за ублажување и управување со ризиците.<br><br>Објаснува и изработува план за вонредни ситуации, известување за инциденти и при тоа превзема одговорност за сопствените активности со активна комуникација на сите нивоа во процесот на известување.<br>Подготвува лични, административни, и техники процедури за работа. |

| | | |
|---|---|---|
| | Ја разбира и ја објаснува постапката за подготовка на водичот од аспект на управување со ризици,<br>Ги разбира и ги применува адмнистративни процедури за работа на Интернационален Водич во Планина, професионални и технички процедури. | |
| *2.6 Прва помош и спасување на планина* | *Дефинира и спроведува во пракса:*<br>Поим, значење и цели на првата помош,<br>Разликува средства за укажување на прва помош,<br>Дефинира причини кои доведуваат до потреба од укажување на прва помош,<br>Објаснува фази на реанимација,<br>Разликува повреди, ги катергоризира на механички, рани, крварење, набиеници, исшачувања, истегнување, нагменчување на меки ткива, повреди на рбетен столб, повреди на глава, скршеници, трауматски шок, повреди од висока и ниска температура,<br>Применува имобилизација и ги објаснува ефектите од имобилизацијата,<br>Објаснува и применува постапки при несреќа на планина. | Именува, објаснува, демонстрира, аплицира прва помош за време на редовни вежби и во реални ситуации со клиенти на тура.<br><br>Именува, класифицира и разликува стандардни од приручни и импровизирани средства за прва помош, повреди, симптоми на механички повреди и начин на третман на повредите.<br>Врши имобилизација на повреди на рака, нога, рбетен столб, спроведува постапки при несреќа на планина со превземање на одговорноста за спроведените активности на терен. |

| | |
|---|---|
| **5.** | **Форми на спроведување на процесот на настава и учење** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Форми на спроведување** | **Модул 1** | **Модул 2** | **Модул 3** | **Модул 4** | |
| Настава во училница/кабинет | Да | Да | | | |
| Практична настава | Да | Да | | | |
| Комбинирано учење | Да | Да | | | |
| Е-учење | Да | Да | | | |
| Настава на далечина | Да | Да | | | |
| **6. Методи на настава и учење** | | | | | |
| **Метод** | | | | | |
| Предавање | **Да** | **Да** | | | |
| Дискусии во група | **Да** | **Да** | | | |
| Набљудување | **Да** | **Да** | | | |
| Истражување/Откривање | **Да** | **Да** | | | |
| Учење преку симулации | **Да** | **Да** | | | |
| Учење насочено кон решавање на проблеми | **Да** | **Да** | | | |
| Практична настава во училница/кабинет | **Да** | **Да** | | | |
| Обука на работното место | **Да** | **Да** | | | |
| Индивидуална настава | **Да** | **Да** | | | |
| Самонасочено учење | **Да** | **Да** | | | |
| Посети/Студиски патувања | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Друго (ве молиме наведете): | | | | | | |
| 7. | **Ресурси / опрема за настава и учење** | Училница опремена со потребен работен и помошен прибор и инструменти, табла, проектор, платно за проекција, компјутер и интернет мрежа, тотпографски карти, гпс уреди, компаси, опрема за примена на прва помош, средства за имобилизација.<br><br>Опрема за теренски активности, алпинистички јажиња, алатки за осугурување, опрема за движење на планина во летни услови, опрема за движење на планина во зимни услови, опрема за кампување. | | | | |
| 8. | **Наставен кадар** | За теоретски дел од обуката: наставен кадар со завршени студии за туризам, медицина, психологија, маркетинг, градежен-геодезија или спорт.<br><br>За практичниот дел од обуката: Интернационални Водичи во Планина - инстуктори со искуство во спроведување теренска настава. | | | | |
| **9.** | **Место на спроведување** | Теоретска настава: Училница со сите потребни наставни материјали и ресурси за реализација на дадена наставна единица. | | | | |
| | | Практична настава: Во ниски и високи зони на планина во летни услови со примена на соодветна лична опрема и опрема потребна за реализација на теренските активности на групата учесници.<br><br>Во ниски и високи зони на планина во зимски услови со примена на лична зимска опрема и опрема потребна за реализација на активностите на групата учесници. | | | | |
| **10.** | **Методи и инструменти за оценување** (есеи/писмени работи, проекти, практична работа, презентации, испитни прашања, изведби, портфолија на работа, учење преку работа, завршен испит и др.) | Пред започнување со обуката се спроведува писмен тест и практичен тест за селекција на кандидаите. За време на обуката кандидатите изработуваат презентации на дадена тема, одговараат на прашалници за одредена тема, се развиваат дискусии, изработуваат проекти и истражувања, извршуваат практична работа. По завршување на летниот дел од обуката полагаат писмен и практичен тест со примена на прва помош во летни услови и по | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | завршување на зимската обука полагаат писмен и практичен тест со примена на прва помош во зимски услови. По завршување на обуката учесниците стажираат – практична работа под менторство на инструктор. |
| **11.** | **Клучни компетенции** | Во текот на реализација на програмата ќе се развијат следниве клучни компетенции кои се интегрирани во секој модул од наставата:<br><br>**Комуникација на мајчин јазик** – способност да креира туристички програми и производи, да ги опишува и објаснува, може да користи електронска комуникација и да остварува јазична интеракција со клиенти, колеги и вработени во туристичките агенции со кои има соработка, способност да подготви и да презентира документ за управување со ризици на планина, план за итни ситуации.<br><br>**Комуникација на странски јазик** – способен е да разбира информации и факти во усмена и писмена форма, да користи странски јазик во општествен и културен контекст поврзан со работата со клиенти.<br><br>**Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата –** примена на математичко размислување при одредување на линија на движење на топографски карти, читање на топографски карти и правење на одредени пресметки, примена на електронски карти и гпс уреди. Познавање и способност за презентирање на карактеристиките на планинските масиви и биодиверзитетот на планина.<br><br>**Дигитални компетенции –** способен е да користи комјутерски програми при подготовка на планинарските тури, програми за гпс, програми за топографски карти, интернет сајтови за метеорологија. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Учење како да учи** – способен е да организира и реализира учење поединечно и во група, способен е за самостојно учење и надградба на знаењата и вештините во функција на личен кариерен развој.<br><br>**Социјални /општествени и граѓански компетенции** – во секојдневното и професионалното делување покажува висока општествена и граѓанска свест, покажува висока толерантност, флексибилност и адаптибилност кон новонастанати ситуации особено во ризични ситуации на планина, конструктивно управување со сопствените емоции и менаџирање на евентуални конфликтни ситуации во група, почитува професионални етички норми и вредности.<br><br>**Чуство за превземање на иницијатива и претприемништво** - способен е да креира програми и производи и да ги пласира на своите соработници и клиенти, способен е да превземе иницијатива и планирање на своите работни активности, да ги проценува и прифаќа можностите за работа со висока свест за професионализам и колегијалност.<br><br>**Културолошка свест и изразување** – способен да ја разбере важноста на креативното изразување при креирањето и при реализацијата на турите на планина, способен да ја разбере важноста за присуството во разни медиуми кои овозможуваат визибилност на професијата и активностите. |
| **12.** | **Проодност од програмата во рамките на образованието*** | Програмата овозможува хоризонтална проодност, во слична класификација исто ниво ( надградба со вклучување на активности со велосипед и скии)<br><br>Вертикална проодност, напредување на повисоко ниво на слична класификација како што е IFMGA alpine guide. |
| **13.** | **Само-евалуација / интерна евалуација** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Алатки / Методи (прашалници, дискусии, извештаи за имплементираната евалуација)** | Прашалници, анализа на добиените резултати и дискусии на релација наставник – учесник, учесник-учесник и наставник – наставник во насока на усовршување на студиската програма.<br>Учесниците пополнуваат прашалници со индикатори за квалитетот на реализацијата на содржините во модулот, времето и начинот на реализација, квалитетот на наставниот кадар, теренската активност и обуката во целина.<br>По анализа на добиените резултати од прашалниците за евалуција, се земаат во предвид сите забелешки од учесниците, наставниот кадар прави промени, дополнува или исклучува одредени активности за кои се изјасниле учесниците а за кои е утврдено дека е во насока на успешно спроведување на наставата со конкретната група учесници. |
| | **Временска рамка на само-евалуацијата** | Континуирано и на крај на програмата.<br>Евалуацијата се изведува по завршување на секоја тематска единица, по реализацијата на целата програма и завршниот испит. |
| | **Последователни мерки спроведени при последната само-евалуација / Направени измени по последната само-евалуација** | |
| **14.** | **Датум на поднесување:** | |
| **15.** | **Изјава** | Јас, долу потпишаниот (менаџер):<br>- ја потврдувам точноста на информациите содржани во образецот;<br>- потврдувам дека образецот е пополнет во согласност со Методологијата за верификација на посебни програми за образование на возрасните;<br>- потврдувам дека сите потребни услови за спроведување на програмата се исполнети; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - се согласувам да се врши мониторинг на спроведувањето на програмата од надлежните институции. |
| **16.** | **Потпис на Менаџерот и печат на организацијата / институцијата за образование на возрасни** | |

ОДОБРУВАЊЕ НА ПОСЕБНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ од ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје

Посебната програма за образование на возрасните **Интернационален Водич во Планина**

беше одобрена со **Решение бр. УП1 бр.10-115/23 од 22.01.2024 година**.

ОДОБРУВАЊЕ ОД ИНСТИТУЦИЈАТА од Министерството за образование и наука

Институцијата Планинска Академија Маврово беше одобрена од страна на Министерството за образование и обука за имплементација на Посебната програма за образование на возрасните **Интернационален Водич во Планина**.